Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1778/2023

Дата: ....17-08-2023....

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар**.

- Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 916,83 ха, а должина на планираната траса приближно изнесува 17,5 км.
- **Површината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот приближно изнесува 533, 5 ха**.
- Останатиот дел од трасата навлегува во веќе издадени Услови за планирање на просторот, со следниве технички броеви и намени: Y15909 повеќенаменски комплекс, Y23710 стопански комплекс, Y19510 стопански комплекс, Y06011 стопански комплекс, Y01411 бензинска пумпа, Y19510i стопански комплекс, Y09011 стопански комплекс, Y13511 стопански комплекс, Y02312 стопански комплекс, Y14912 бензинска пумпа, Y23212 стопански комплекс, Y23609 стопански комплекс, Y13911 стопански комплекс, Y23112 стопански комплекс, Y16114 стопански комплекс, Y23312 стопански комплекс, Y20614 регулација на река, Y29114 бензинска пумпа, Y41714 населба, Y03412i стопански комплекс, Y26414 стопански комплекс, Y13516 населба, Y06519 стопански комплекс, Y17218 стопански комплекс, Y01219 стопански комплекс, Y06919 хотелски комплекс, Y13019 стопански комплекс, Y04218 стопански комплекс, Y16417 стопански комплекс, Y07418 стопански комплекс, Y10618 стопански комплекс, Y07717 туристички/угостителски комплекс, Y06017 стопански комплекс, Y24209 стопански комплекс, Y24409 стопански комплекс, Y00409 стопански комплекс, Y13108 стопански комплекс, Y04407 стопански комплекс, Y29908 стопански комплекс, Y14319 стопански комплекс, Y14419 стопански комплекс, Y19919 стопански комплекс, Y00120 населба Y00420 стопански комплекс, Y04020 стопански комплекс, Y07220 стопански комплекс, Y09120 викенд населба, Y10020 стопански комплекс, Y10920 викенд населба, Y24621 стопански комплекс, Y14522 населба, Y14722 населба, Y34122 стопански комплекс, Y04423 викенд населба, Y10422 повеќенаменски комплекс, Y14622 населба, Y45922 далновод, Y07223 фотонапонска централа, Y07323 фотонапонска централа, Y19523 фотонапонска централа, Y01814 водовод, Y32107 оптички кабели Y02612 пат.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y41223** се составен дел на Решението.

3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

4. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

5. Планскиот опфат навлегува во границите на третата (III) заштитна зона на Изворот Рашче поради што е потребно при изработката на проектната документација да се почитуваат мерките за заштита пропишани во „Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор Рашче, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување заштитни зони и картографски приказ" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/21).

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.
При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 54307 од 28.07.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1778/2023 од 15.08.2023 година.

Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово - Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште и Општина Гостивар претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје / MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Дејан Гацовски

Контролирал: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

Согласен: Државен секретар,
Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk